Јавно претпријатие за комунални дејности
на Општина Арoдром
Бр. 02-211/1
30-07-2024 20___ год.
Скопје

*Јавно претпријатие за комунални дејности на Општина Аеродром - Скопје*
*(ЈП на општина Аеродром)*

**ТРИМЕСЕЧЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА АПРИЛ, МАЈ И ЈУНИ 2024 ГОДИНА**

## I. ВОВЕД

Согласно Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96, 9/97, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 89/2022 и 274/22) и Статутот на ЈП за комунални дејности на Општина Аеродром (пречистен текст) бр. 01-1/1 од 03.01.2024 година, потребно е да се изготви и достави Тримесечен извештај за работењето на Јавното претпријатие.

## II. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Јавното претпријатие обезбедува висок квалитет на извршените услуги и доследно ги почитува принципите за сигурност, континуитет, транспарентнос, достапност и заштита на корисниците и потрошувачите.

## III. ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Јавното претпријатие за комунални дејности на општина Аеродром ја следи состојбата со уличното осветлување и навремено превзема мерки за подобрување на состојбата. Се вршат и ноќни редовни контроли за согледување на состојбите и отстранување на утврдените дефекти, односно доведување на јавното осветлување во исправна состојба.

Редовното одржување и утврдувањето на дефекти на улично осветлување и проширување на уличното осветлување на места каде што ќе се јави потреба, се изведува преку поднесување на барања од страна на граѓаните во просториите на Јавното претпријатие, доставување на барање на е-пошта jp.sjo@aerodrom.gov.mk, пријавување по смс (24 часа) или со телефонски повик (од 07.30 до 15.30) на тел. број 072 270 - 886 , како и преку урбаните заедници во општина Аеродром.

Имено, во периодот април-јуни 2024 година се отстрануваа дефекти на 213 локации, и тоа:

Стадион кај хотел Русија-Дефектажа, ул.В.С.Бато зrp.3/1 бб, О.У.Гоце Делчев,ул.Димитар Туриманџовски бр.10, ул.Горно Лисиче 150А, Ѓорѓи Капчев ул.21/2, Ѓорѓи Капчев ул.27А, рас.Рагуза и ул.Тодор Чангов, карши Пекара Величковски-дефект, ул.Жорж Бизе бр.9, ул.Гаврил Константиновиќ 2/5, О.У.Лазо Ангеловски, ул.Фрањо Клуз-дефект во ормар, ул.Руди Чаевац, ул.Владимир Комаров згр.38, ул.Коста Новаковиќ згр.18,20, ул.Тодор Чангов ул.41, ул.В.С.Бато згр.41, ул.20-Долно Лисиче ормар, ул.7 кука 3, ул.Горги Капчев кука 49, бул.АВНОЈ згр.20, бул.Ј.Сандански згр.46, бул.Ј.Сандански Бамби, бул.Ј.Сандански згр.32, ул.Коста Новаковиќ згр.42, ул.Ангел Димовски пензионерски и бр.6, ул.Тодор Чангов ул.41, бул.В.С.Бато згр.1, Општина-канцеларии, ул.Долно Лисиче кука 44, ул.20 до игралиште, ул.Тодор Чангов-дефект, бул.В.С.Бато згр.34 бб, бул.В.С.Бато град.Сонце бб, Г.Пулевски, ул.Анастас Митрев згр.23,

ул.Петар Ацев кука 25, ул.Горно Лисиче бр.32, ул.20-Г.Капчев бр.6, ул.51 бр.7, ул.од Долно кон Горно Лисиче-деф., ул.7 бр.35, О.У.Гоце Делчев-Горно Лисиче, ул.Горно Лисиче после Црква, Паркинг кај Налеј, бул.Ј.Сандански згр.62, бул.Ј.Сандански згр.47, бул.Ј.Сандански згр.74, ул.Владимир Комаров згр.14/3, бул.Ј.Сандански згр.10, ул.Пандил Шишков згр.2, ул.Пандил Шишков згр.7, ул.3-та Мак.Бригада згр.43-ДБК, ул.Тодор Чангов, О.У.Љубен Лапе во парк, ТС 786, бул.Ј.САндански згр.94 бб, бул.В.С.Бато згр.31/2, бул.В.С.Бато згр.31, бул.В.С.Бато згр.61 , ул.11-Дол.Лисиче-дефект бр.27, Позади Љубен Лапе парк, ул.Мите Богоевски бр.40, ул.Тодор Чангов ул.5/9, Капитол згр.39, ул.Митре Влаот 6б, ул.Димитар Благоев-дефект, ул.Богомилски Поход 22, ул.Димитар Рајковик, ТС-дефект, ул.Горноврановска 52 а, ул.Блажо Орландик-дефект во 5 столба, ул.Црноризец Храбар 26, ТС ДЛ 101012, ул.Горге Андреевик-Кун дефект, ул.Горге Андреевик-Кун 9а, ул.Горге Андреевик-Кун 21а, ул.Ернест Телман 7б, ул.Врполе 5-дефект во 3 столба, ТС 745-Аерод.дефект во ТС и 6 столба, бул.АСНОМ -дефект во 3 столба од згр.106 до 72, ТС 745, бул.Ј.Сандански згр.41, Раскрсница Бановина-дефект во ЕРО, ул.Божидар Рајковик бр.10, бул.АСНОМ згр.106, бул.АСНОМ 92, ул.Горги Капчев ул.22/12, ул.Коста Новаковик бр.42, ул.Васко Карангелевски згр.25, бул.АСНОМ згр.72, ул.Анастас Митрев 19, Бојмија паркот-ормар, Реонски Центар-дефект во ТС, Реонски Центар-дефект во ТС згр.8 бб, бул.Ј.Сандански згр.116/4, бул.Ј.Сандански згр.22, бул.Ј.Сандански згр.18, О.У.Димитар Македонски, ул.Горги Капчев ул.4/12, ул.1 бр.11-Долно Лисиче, ул.Тодор Чангов ул.27/5, ул.Тодор Чангов ул.29/1, Ормар кај Паци Петрол, ул.Горге Андреевик-Кун 29, ул.Мите Богоевски ул.5/15, Црква Св.Никола, ул.Владимир Комаров 20, ул.Владимир Комаров 21, бул.Ј.Сандански 83, бул.Ј.Сандански згр.9, бул.Ј.Сандански згр.92, Долно Лисиче ул.1 бр.11 б, Долно Лисиче ул.2/13а, Долно Лисиче ул.2/49, Долно Лисиче ул.2/53, Долно Лисиче ул.7, О.У.Алек.Макед.-дефект во 3 канделабра, ул.1612-изгорен кабел во столб, ул.Владимир Комаров згр.25, ул.Владимир Комаров згр.27, бул.Ј.Сандански 16, ул.3-та Мак.Бригада ул.1/49, ул.3-та Мак.Бригада ул.1/53, ул.22 бр.7, Плато кај Пазарот дефект во Р.О., Долно Лисиче ул.9 бр.2, Долно Лисиче ул.2, ул.Ѓорѓи Крапчев ул 1, Раскрсника ул.Оризници со Горно Лисиче – дефект, ул.Јане Сандански бр.92, Парк Авионче, ул.Црноризец Храбар - дефект , ул.Митре Влаот – дефект, ул.Илија Димовски, Т.Ц.Три Бисери (кај 7-ца), 3-та Мак.Бригада ул.3/67,3-та Мак.Бригада ул.3/87, 3-та Мак.Бригада ул.3/89,3-та Мак.Бригада ул.3/101, 3-та Мак.Бригада ул.3/107, 3-та Мак.Бригада ул.3/59, Катна Гаража-полиција, Ѓорѓи Капчев ул.8 бр.4, Божидар Рајковиќ 109, Горно Лисиче бр.2, Мите Богоевски бр.16, Ѓорѓи Капчев ул.1 бр.49, Тодор Чангов, АСНОМ згр.4, Ј.Сандански згр.19/1, Ј.Сандански згр.83, Владимир Комаров згр.18, Блажо Орландиќ бр.7, В.С.Бато-Парк Нинберг 51/1, В.С.Бато-Парк Нинберг 51/2, В.С.Бато-Парк Нинберг 51/3, Мите Богоевски 1А, Мите Богоевски 5А, М.З.Горно Лисиче, Мичурин НКРО, Долно Лисиче ул.3 бр.16, Долно Лисиче ул.3 бр.20, В.С.Бато карши Лиса бб, В.С.Бато карши Кредит банка бб, Коста Новаковиќ згр.22, Мите Богоевски ул.8 бр.19, Божин Николов-Силни бр.67 (сервис Васе), АВНОЈ згр.102, Долно Лисиче ул.1, Долно Лисиче ул.3, Тодор Чангов ул.22 бр.22, бул.В.С.Бато згр.12, бул.В.С.Бато згр.8, бул.В.С.Бато згр.51, Венјамин Мачуковски ТС, Ѓ.Капчев ул.31-дефект, Димитар Туриманџовски, Ј.Сандански 109 бб,

Божидар Рајковиќ 59а, Атанас Митрев-дефекти, В.Комаров згр.8, Кузман Јосифовски Питу згр.19, Кузман Јосифовски Питу згр.9, Кузман Јосифовски Питу згр.20, Митре Влаот-дефект, Ѓорѓи Капчев-дефект, Лисец бр.80, Ѓорѓи Капчев ул.6, Ѓорѓи Капчев ул.19/4, Тодор Чангов ул.52 бр.7, Г.Лисиче ул.61а-Одисеја, Долно Лисиче ул.7, Острово, Ј.Сандански згр.30 и 32, Ј.Сандански згр.85, ул.1613-Кам-Дефект, Г.Лисиче дефект, ул.61а-Одисеја, Тодор Чангов ул.9/2, ул.Рагуза, бул.Србија 1, бул.АСНОМ згр.34, Гаража кај Полиција, Владимир Комаров згр.9, В.С.Бато-катна, Горно Лисиче-Паци Петрол и О.У.Александар Македонски.

Во табелата што ја даваме во продолжение, описно е прикажано кои активности биле превземени за санација на дефектите на погоре наведените локации и потрошените средства за истото:

| Р. бр. | ОПИС | Единица мерка | Количини | Единечна цена без ддв | Вкупно без ддв |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ископ на ров III категорија со затрупување на еден кабел ( 0,4 x 0,8 ), заедно со пластични штитници и на предупредувачка лента - црвена "Внимание електричен кабел" | м | 48 | 250.00 | 12,000.00 |
| 2 | Набавка, транспорт и монтажа (полагање) на кабел PPOO-A 4 x 16 mm² (1KV) во ров | м | 54 | 180.00 | 9,720.00 |
| 3 | Изработка на суви кабловски завршници за сите пресеци на каблови | парче | 197 | 2,000.00 | 394,000.00 |
| 4 | Демонтажа на дотрајан (оштетен) столб заедно со светилката | парче | 10 | 500.00 | 5,000.00 |
| 13 | Набавка, транспорт и монтажа на улична светилка од алуминиумско куќиште тип, комплет со сијалица – натриум висок притисок од 70W, со капа од калено стакло IK 09. Рефлектор од високо ефикасен алуминиум. Степен на заштита на светилката е IP 66 и на предспој. Прилагодлива на постоечки столбови. (ф60мм, ф76мм и др.) | парче | 14 | 5,200.00 | 72,800.00 |
| 15 | Набавка, транспорт и монтажа на улична светилка од алуминиумско куќиште тип, комплет со сијалица – натриум висок притисок од 150W, со капа од калено стакло IK 09. Рефлектор од високо ефикасен алуминиум. Степен на заштита на светилката е IP 66 и на предспо. Прилагодлива на постоечки столбови. (ф76мм и др.) | Парче | 3 | 5,500.00 | 16,500.00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 18 | Набавка, транспорт и монтажа на разводно ормарче комплет со изолирани разводни клеми и топлив осигурач D01/ E14 со патрон од 10А и постоље 16А или еквивалент, со транспарентен капак за монтажа внатре во столб со соодветна заштита минимум ИП54 или еквивалент | парче | 6 | 1,700.00 | 10,200.00 |
| 20 | Изработка на РАЈХЕМ спојница на разни типови на кабел | парче | 3 | 1,200.00 | 3,600.00 |
| 22 | Набавка и испорака на строномски тајмер со географска одредница, за монтажа на шина, до 100 часа на автономна работа, 230V/45-60Hz/16A. | парче | 2 | 4,500.00 | 9,000.00 |
| 23 | Набавка, транспорт и полагање на самоносив кабел X00/0 A 2x16 $mm^2$ на дрвени и бетонски столбови од H=9m | м | 806 | 150.00 | 120,900.00 |
| 24 | Набавка, транспорт и монтажа на затегачи за самоносив кабел | парче | 80 | 100.00 | 8,000.00 |
| 25 | Набавка, транспорт и монтажа на импрегриран дрвен столб со висина од 9м, ф220-ф240мм во долен дел и ф160-ф180мм во горен дел. | парче | 5 | 10,000.00 | 50,000.00 |
| 27 | Ископ на дупки во земја III категорија за дрвени столбови, Ф300 - Ф400 мм, со длабочина од 1,5 м, комплет со затрупување, набивање и одвоз на вишокот земјан материјал на депонија по завршување на работите. | парче | 5 | 1,500.00 | 7,500.00 |
| 28 | Набавка, транспорт и монтажа на еднокрака лира (одмастена пред фарбање, заштитена со минимум и обоена со двослојна завршна боја, боја по избор на инвеститор) за дрвен и бетонски столб, со должина од 0,5 до 1м, ф60, со димензија на плочка 200x100мм. Агол или нагиб на лирата од 15°. | парче | 10 | 500.00 | 5,000.00 |
| 29 | Набавка, транспорт и монтажа на еднокрака лира (одмастена пред фарбање, заштитена со минимум и обоена со двослојна завршна боја, боја по избор на инвеститор) за челичен столб столб, со должина од 0,5м до 1,5м , со димензија на редуцир ф89/ф76/ф60мм во долен (насаден) дел и ф60мм во горен (кос) дел, комплет со 4 штрафа м8. Агол или нагиб на лирата од 15°. | парче | 2 | 500.00 | 1,000.00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 31 | Набавка, транспорт и монтажа на Натриумова сијалица VT 70W | парче | 111 | 1,800.00 | 199,800.00 |
| 32 | Набавка, транспорт и монтажа на Натриумова сијалица VT 100 | парче | 3 | 1,850.00 | 5,550.00 |
| 33 | Набавка, транспорт и монтажа на Натриумова сијалица VT 150W | парче | 25 | 1,850.00 | 46,250.00 |
| 34 | Набавка, транспорт и монтажа на Пригушница VT 70 | парче | 51 | 1,400.00 | 71,400.00 |
| 35 | Набавка, транспорт и монтажа на Пригушница VT 1000W | парче | 1 | 1,450.00 | 1,450.00 |
| 36 | Набавка, транспорт и монтажа на Пригушница VT 150W | парче | 12 | 1,450.00 | 17,400.00 |
| 37 | Набавка, транспорт и монтажа на Игнитор упаљач 70-400W | парче | 149 | 1,300.00 | 193,700.00 |
| 46 | Набавка, транспорт и монтажа на Фасонки Е-27 порцелански | парче | 23 | 250.00 | 5,750.00 |
| 48 | Набавка, транспорт и монтажа на кабел PGP 3x1,5 mm | м | 210 | 60.00 | 12,600.00 |
| 49 | Набавка, транспорт и монтажа на капак за канделабри - лимен | парче | 8 | 140.00 | 1,120.00 |
| 51 | Набавка, транспорт и монтажа на Автоматски осигурач 6 - 25 А | парче | 32 | 300.00 | 9,600.00 |
| 52 | Набавка, транспорт и монтажа на Автоматски осигурач 32 - 63 А | парче | 4 | 320.00 | 1,280.00 |
| 53 | Набавка, транспорт и монтажа на Патрон ножест 35 - 125 А | парче | 28 | 350.00 | 9,800.00 |
| 54 | Набавка, транспорт и монтажа на Склопка 60А | парче | 2 | 1,400.00 | 2,800.00 |
| 55 | Набавка,транспорт и монтажа на склопка 80А | парче | 1 | 1,600.00 | 1,600.00 |
| 57 | Набавка, транспорт и монтажа на Комбинирани Al-Cu спојници 36-35 mm | парче | 99 | 430.00 | 42,570.00 |
| 78 | Набавка, испорака и монтажа на Флуо цевка 36Wco должина од 120cm | парче | 34 | 120.00 | 4,080.00 |
| 79 | Набавка, испорака и монтажа на Флуо цевка 4-65W | парче | 29 | 30.00 | 870.00 |
| 99 | Транспорт и монтажа на постоечки метален столб со висина од 4,5 м | парче | 3 | 300.00 | 900.00 |
| 100 | Транспорт и монтажа на постоечка улична светилка од алуминиумско кукиште тип, комплет со сијалица – натриум висок притисок од 70W | парче | 2 | 500.00 | 1,000.00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 104 | Пуштање на светилка под напон на метален столб | парче | 7 | 130.00 | 910.00 |
| | | | **Вкупно** | | **1.355.650.00** |
| | | | **18% ДДВ** | | **244.017.00** |
| | | | **СЕ ВКУПНО** | | **1.599.667.00** |

Набавката и монтажата на материјалите се врши согласно Законот за јавни набавки. Изборот на најповолен понудувач за одржување на јавно осветлување го врши Комисијата за јавни набавки на јавен оглас.

***Прилог:***

- ***Детална табела на локации, извршена работа и потрошени средства***

Исто така, Ве информираме дека согласно Договор за извршување на групна набавка склучен помеѓу општина Аеродром и Јавното претрпријатие за комунални дејности општина Аеродром (ЈП на општина Аеродром), врз основа на спроведена поедноставена отворена постпка за јавна набавка преку ЕСЈН, објавена со оглас бр.04854/2024, согласно Одлука за јавна набавка донесена од Градоначалникот на општина Аеродром со бр.16-1666/2 од 15.03.2024 година и Одлуката за избор на страна во рамковна спогодба бр.16-1666/5 од 03.04.2024 година, како и прифатената понуда со предмер пресметка на Носителот на набавката, склучен е Договор – Рамковна спогодба за одржување на јавното осветлување на територијата на општина Аеродром и Православен крст за потребите на ЈП на општина Аеродром.

Согласно добиените понуди од страна на 3 (три) економски оператори (кои се во прилог на овој извештај), за најповолна понуда прифатена е понудата на економскиот оператор – ДПТ ЕЛТРА ДООЕЛ експорт – импорт Скопје, која согласно доставената Предмер – пресметка е во висина од 331.102,00 денари со вклучен ДДВ во износ од 18%.

Вредноста на Рамковната спогодба, заедно со вкупната вредност на сите поединечни договори што Договорниот орган ќе ги склучи со Носителот на набавката, изнесува 7.316.000,00 денари со вклучен ДДВ во износ од 18%. Договорните поединечни цени по позиции утврдени во прифатената понуда се составен дел на Рамковната спогодба и истите не може да се менуваат до истекот на рокот на важноста на истата. Во цената се вкалкулирани трошоци за работа, транспорт, материјал и јавни давачки.

## IV. ОДРЖУВАЊЕ НА ХИГИЕНА

Во согласност со важечките законски прописи, општината има право на своето подрачје да ги врши работите од јавен интерес од локално значење, што не се исклучени од нејзината надлежност или не се во надлежност на органите на централната власт и градот Скопје.

Од нејзиното основање во април 2005 година па до денес, таа им служи на своите жители, а нејзините надлежности се поврзани и во сферата на заштита на животната средина и комунални дејности.

Со територија од 21,85 км² и надморска висина од 240 метри и според неофицијален податок има околу 120.000 жители и од 130.000 до 150.000 метри квадратни зеленило кое го одржува Јавното претпријатие за комунални дејности на општина Аеродром.

Јавното претпријатие за комунални дејности на Општина Аеродром е носител на работите и активностите кои се однесуваат на севкупното организирање и функционирање на работите.

За таа цел Јавното претпријатие ангажираше вршители на јавни работи, кои под директна организација и надзор од одговорните лица за работа на терен (реонски инженери) ги извршуваат поставените работни задачи по одделни реони со соодветна механизација, односно работите се извршуваат со 2 (два) камиони (PEUGEOT) за собирање суви лисја, гранки и сл.; 1 (едно) возило Пежо Партнер; 2 (две) компактни возила (Green Machines) за метење и дезинфекција на јавни сообраќајни површини; 9 (девет) рачни машини (Green Machines) за чистење и дезинфекција на јавни пешачки површини; 6 косилки за трева (тракторки); 8 робусни тревокосачки (за висока трева); 7 тримери; 5 дувалки; 3 телескопски пили како и рачен алат (лопати, метли, колички, пили, струшки, копачи, канти и сл.);

Обврски на ангажираните работници се: одржувањето на чистотата на јавните површини (чистење на смет, празнење на уличните корпи за отпадоци, чистење на суви лисја, гранки и сл), одржувањето на зеленилото на јавните површини и парковите на територија на Општина Аеродром (косење трева, поткастрување гранки и др.), одржување на локалните улици, патишта, јавни пешачки површини и тротоари во зимски услови на подрачјето на Општина Аеродром (чистење на пешачките премини, пешачките патеки, плочници и тротоари, чистење на снег од уличните клупи и корпи за одпадоци) и сл.

Јавното претпријатие за комунални дејности на општина Аеродром обврските по основ на плати, други придонеси и надоместоци за ангажираните вршители на јавни работи, ги подмирува навремено. Имено обврските за плати, придонеси и други надоместоци за ангажираните вршители на јавни работи, за периодот од 3 месеци изнесуваат **7.606.899 денари.**

## V. НАБАВКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Согласно Договор за извршување на групна набавка склучен помеѓу општина Аеродром и Јавното претпријатие за комунални дејности на општина Аеродром (ЈП на општина Аеродром), врз основа на спроведена постапка за јавна набавка преку ЕСЈН, објвена со оглас 04975/2024, согласно Одлука за јавна набавка донесена од Градоначалник на општина Ањеродром со бр. 16-1756/2 од 18.03.2024 година и Одлуката за избор на страна со рамковна спогодба бр.16-1756/5 од 22.04.2024 година, како и прифатената понуда со предмер пресметка на Носителот на набавката, склучен е Договор – Рамковна спогодба за набавка на електрична енергија помеѓу ЈП за комунални дејности на општина Аеродром и најповолниот понудувач ДТУ Енерџи деливери солушнс АД Скопје.

Имено, вредноста на оваа рамковна спогодба изнесува 16.800.000,00 денари без вклучен ДДВ, ДДВ во износ од 3.024.000,00 денари или вкупно со вклучен ДДВ износ од 19.824.000,00 денари.

**Прифатената маржа на носителот на набавката за 1 KWh потрошена електрична енергија вклучувајќи ги сите трошоци и попусти изнесува 3,00 %.**

Понудената маржа изразена во проценти која ќе се користи како показател за пресметката на цената на потрошената електрична енергија за секој изминат месец, е со примена на следната формула:

$$Cm = \Sigma \{(Cm,HUPX(h) + CBCm + BALm) * Pm(h)\} / \Sigma \{Pm(h)\} + \text{маржа}\%$$

каде што:

**Cm** – цена по која економскиот оператор го снабдува договорниот орган во месецот ***m***, ден/kWh

**Cm,HUPX(h)** е часовна цена за електрична енергија на пазарот на берзата HUPX за секој час ***h*** од месецот ***m***, за кој се однесува пресметката, ден/kWh

**CBCm –** месечен трошок за прекугранични капацитети за месецот m, ден/kWh

**BALm –** месечен трошок за балансирање на потрошувачката на балансната група фактуриран во месецот m, ден/kWh

**Pm(h)** е потрошена електрична енергија во часот ***h*** во месецот ***m,*** *kWh*

## VI. НАДЗОР ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЈП ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Јавното претрпријатие за комунални дејности на општина Аеродром склучи Договор- Рамковна спогодба Надзор за вршење на работите за потребите на ЈП на општина Аеродром со број 03-166/1 од 14.06.2023

година. Предмет на овој Договор- рамковна спогодба е регулирање на постапката за Надзор на вршење на работи за потребите на ЈП на општина Аеродром, согласно прифатената понуда.

Согласно добиените понуди од страна на 3 (три) економски оператори за најповолна понуда прифатена е понудата на економскиот оператор – Друштво за Архитектонски дејности, надзор и инженеринг МБМ АРХИТЕКТИ ДООЕЛ – Скопје.

Вредноста на Рамковната спогодба изнесува 60.000,00 денари без вклучен ДДВ, ДДВ во износ од 10.800,00 денари или со вкупен ДДВ износ од 70.800,00 денари. Прифатениот процент од вредноста на договорот за кој ќе се врши надзор согласно понудата на Носителот на договорот за вршење на стручен надзор изнесува 1% без ДДВ од вредноста на договорот за кој ќе се врши надзор без вкалкулиран ДДВ. Рамковната спогодба е склучена за период од 1 (една) година.

По однос на седмиот и осмиот налог за извршување на работи поврзани со тековно одржување на јавното осветлување, од страна на Надзорниот орган е добиена позитивна и целосна усогласеност на услугата по основ на дадениот налог за извршување на работите поврзани со тековно одржувањена јавното осветлување, односно дека работите кои се наплатиле се стварно извршени, а цената како и квалитетот и кванитетот соодвестуваат на пресметката и условите согласно склучениот Договор

Исто така, потенцирано е дека Изведувачот го има постигнато и запазено бараниот квалитет на работите, на реализираните активности и на вградените материјали, истовремено запазувајќи ги зададените рокови кои се презентирани во налогот за работа.

***Прилог:***

- ***Извештај за седмата и осмата времена ситуација од извршен стручен надзор.***

## VII. НАБАВКА НА РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА МАШИНИ (HUSQVARNA)

Јавното претпријатие за комунални дејности на општина Аеродром склучи Рамковна спогодна за набавка на резервни делови за одржување на машини (Husqvarna) за одржување на јавни зелени површини за потребите на ЈП на општина Аеродром, врз спроведената отворена постапка со оглас број 07297/2024 објавен на ЕСЈН, врз основа на Одлуката за јавна набвка донесена од Градоначалник на општина Аеродром со бр.16-2386/2 од 19.04.2024 година и Одлуката за избор на страна во рамковна спогодба бр.16-2386/5 од 14.05.2024 година, како и прифатената понуда со листа на цени на Носителот на набавката, склучен е Договор - Рамковна спогодба за Набавка на резервни делови за одржување на машини (Husqvarna) за одржување на јавни зелени површини за потребите на ЈП на општина Аеродром.

Согласно добиените понуда која беше и единствена е понудата на економскиот оператор – ТД Синпекс ДОО Битола, која согласно доставената Предмер - пресметка е во висина од 355.846,40 ден со вклучен ДДВ.

Вредноста на Рамковната спогодба, заедно со вкупната вредност на сите поединечни договори што Договорениот орган ќе ги склучи со Носителот на набавката, изнесува 885.000 денари со вклучен ДДВ во износ од 18%. Договорните поединечни цени по позиции утврдени во прифатената понуда се составен дел на Рамковната спогодба и истите не може да се менуваат до истекот на рокот на важноста на рамковната спогодба.

## VIII. НАБАВКА НА РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА МАШИНИ (STIHL)

Јавното претпријатие за комунални дејности на општина Аеродром склучи Рамковна спогодна за набавка на резервни делови за одржување на машини (Stihl) за одржување на јавни зелени површини за потребите на ЈП на општина Аеродром, врз спроведената отворена постапка со оглас број 07291/2024 објавен на ЕСЈН, врз основа на Одлуката за јавна набвка донесена од Градоначалник на општина Аеродром со бр.16-2385/2 од 19.04.2024 година и Одлуката за избор на страна во рамковна спогодба бр.16-2385/5 од 14.05.2024 година, како и прифатената понуда со листа на цени на Носителот на набавката, склучен е Договор - Рамковна спогодба за Набавка на резервни делови за одржување на машини (Stihl) за одржување на јавни зелени површини за потребите на ЈП на општина Аеродром.

Согласно добиената понуда која беше и единствена, е понудата на економскиот оператор – НИМЕТ ДООЕЛ, која согласно доставената Предмер - пресметка е во висина од 552.486,48 ден со вклучен ДДВ.

Вредноста на Рамковната спогодба, заедно со вкупната вредност на сите поединечни договори што Договорениот орган ќе ги склучи со Носителот на набавката, изнесува 885.000 денари со вклучен ДДВ во износ од 18%. Договорните поединечни цени по позиции утврдени во прифатената понуда се составен дел на Рамковната спогодба и истите не може да се менуваат до истекот на рокот на важноста на рамковната спогодба.

## IX. НАБАВКА НА АЛАТ И ДРУГ СИТЕН ИНВЕНТАР

Јавното претпријатие за комунални дејности на општина Аеродром склучи Рамковна спогодна за набавка на алат и друг ситен инвентар за потребите на ЈП на општина Аеродром, врз спроведената отворена постапка со оглас број 08788/2024 објавен на ЕСЈН, врз основа на Одлуката за јавна набвка донесена од Градоначалник на општина Аеродром со бр.16-2844/2 од 22.05.2024 година и Одлуката за избор на страна во рамковна спогодба бр.16-2844/5 од 31.05.2024 година, како и прифатената понуда со листа на цени на

Носителот на набавката, склучен е Договор - Рамковна спогодба за Набавка на алат и друг ситен инвентар за потребите на ЈП на општина Аеродром.

Согласно добиената понуда која беше и единствена, е понудата на економскиот оператор – С.КОМ ДОО експорт-импорт Скопје, која согласно доставената Предмер - пресметка е во висина од 17.251,78 ден со вклучен ДДВ.

Вредноста на Рамковната спогодба, заедно со вкупната вредност на сите поединечни договори што Договорениот орган ќе ги склучи со Носителот на набавката, изнесува 531.000 денари со вклучен ДДВ во износ од 18%. Договорните поединечни цени по позиции утврдени во прифатената понуда се составен дел на Рамковната спогодба и истите не може да се менуваат до истекот на рокот на важноста на рамковната спогодба.

## X. ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Во продолжение табеларен приказ на потрошувачка во денари април-јуни 2024 година:

| **Потрошена електрична енергија за јавно осветлување Април-Јуни 2024** | | |
|---|---|---|
| **Месец** | **Година** | **Денари** |
| Април | 2024 | 1.669.637,00 |
| Мај | 2024 | 1.781.761,00 |
| Јуни | 2024 | 1.869.437,00 |

Во продолжение табеларен приказ на потрошена елетрична енергија во kWh, април – јуни 2024 година:

| **Потрошена електрична енергија за јавно осветлување Април-Јуни 2024** | | |
|---|---|---|
| **Месец** | **Година** | **KWh** |
| Април | 2024 | 166.831,00 |
| Мај | 2024 | 157.951,00 |
| Јуни | 2024 | 142.641,00 |

Трошок за откуп (плаќање) на електрична енергија во 2024 година – Овој трошок претставува главна компонента за да се направи откуп (плаќање) на електрична енергија со цел да се сервисира јавното

осветлување на територијата на општина Аеродром и е во износ од **5.320.835,00 денари** за месеците април, мај и јуни 2024 година.

| **Бруто Биланс – ЈП на општина Аеродром**<br>**01.04.2024 – 30.06.2024** | | **Износ во денари** |
|---|---|---|
| **1.** | **Трошоци за набавка на електрична енергија** | |
| **1.1** | Електрична енергија за јавно осветлување | 3.477.310,00 |
| **1.2** | Дистрибуција на електрична енергија | 1.843.525,00 |
| **1.3** | Трошоци за тековно одржување за потребите на ЈП | 1.599.667,00 |
| **1.4** | Надзор на работи поврзани со тековно одржување | 6.671,00 |
| **2.** | **Трошоци за услуги** | |
| **2.1** | Сметководствени услуги | 30.000,00 |
| **2.2** | Адвокатски услуги | 71.500,00 |
| **2.3** | Банкарски услуги – провизии | 9.349,00 |
| **3.** | **Трошоци за плати, управен и надзорен одбор** | |
| **3.1** | Плати, управен и надзорен одбор | 6.889.161,00 |
| **3.2** | Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плати | 762.205,00 |
| **3.3** | Придонеси од задолжително социјално осигурување | 421.335,00 |
| | **ВКУПНО:** | **15.110.723,00** |

***Прилог:***

- ***Сметководствено детален преглед за период април-јуни 2024 – Бруто Биланс***

**Скопје, 2024 година**

**ЈП на општина Аеродром**

**Директор**

**Благоја Ѓорѓиевски**

Јавно претпријатие за комунални дејности на општина Аеродром • Скопје •

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ( "Службен весник на Република Македонија" број 05/02) и член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19, „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22 и 274/22) Советот на Општина Аеродром на 46-та седница одржана на ден 26.08.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
за давање согласност на тримесечен извештај (април, мај и јуни 2024 година) за финансиско работење на Јавното претпријатие за комунални дејности на Општина Аеродром

**Член 1**

Се дава согласност на тримесечен извештај (април, мај и јуни 2024 година) за финансиско работење на Јавното претпријатие за комунални дејности на Општина Аеродром, усвоен од управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности на Општина Аеродром со Одлука број 02-211/2 од 30.07.2024 година

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во "Службен гласник на Општина Аеродром".

Претседател на Совет
на Општина Аеродром
Антонио Петковски

Јавно претпријатие за комунални дејности
на Општина Аеродром
Бр. 02-211/2
30-07-2024 год.
Скопје

Управниот одбор на ЈП за комунални дејности на општина Аеродром на предлог на Директорот на ЈП, а врз основа на член 26 став 2, точка 8 од Статутот на ЈП за комунални дејности на Општина Аеродром (пречистен текст) бр. 01-1/1 од 03.01.2024, а согласно член 19 став 2, точка 8 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22 и 274/22) на својата редовна седница одржана на ден 30.07.2024 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА
за давање согласност на Тримесечен извештај за финансиско работење на ЈП за комунални дејности

1. Со оваа Одлука се дава согласност на Тримесечен извештај за финансиско работење на ЈП за комунални дејности, за период ( април, мај и јуни 2024 година ).
2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

*Образложение*

Трошок за откуп (плаќање) на електрична енергија – Овој трошок претставува главна компонента за да се направи откуп (плаќање) на електрична енергија со цел да се сервисира јавното осветлување на територија на општина Аеродром. Вкупните трошоци се во износ од 5.320.835,00 денари за период (април, мај и јуни 2024 година).

Останатите трошоци - Во оваа група се класифицираат трошоците кои се настанати како резултат на работењето, односно вршење на деловните активности на јавното претпријатие, обврски за плати, придонеси, услуги од други (сметководствени услуги, адвокатски услуги, надворешни услуги и интелектуални услуги за Управен и Надзорен одбор), матријални трошоци, банкарски трошоци (провизии) се во износ од 9.789.888,00 денари за месеците април, мај и јуни 2024 година.

**Вкупните трошоци за период април-јуни се во износ од 15.110.723,00 денар.**

Претседател на Управен одбор

Николче Златевски

Јавно претпријатие за комунални дејности на Општина Аеродром • Скопје

Јавно претпријатие за комунални дејности
на Општина Аеродром
Бр. 02-212/1
30-07-2024 год.
Скопје

Врз основа на член 27 став 3 и став 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РСМ бр.38/96, 9/97, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15. 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/19, 89/2022 и 274/22) и член 34 став 3 од Статутот на ЈП за комунални дејности на Општина Аеродром (пречистен текст) бр. 01-1/1 од 03.01.2024 година, Надзорниот одбор на својата 9-та седница одржана на ден 30.07.2024 година го донесе следното

# МИСЛЕЊЕ

1. Се прифаќа Тримесечниот финансиски извештај кои содржи показтели за финансиското работење за остварените резултати од работењето на Јавното претпријатие за комунални дејности на општина Аеродром за периодот Април-Јуни 2024 година

2. Мислењето да се достави до Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности на општина Аеродром, до Министерство за финансии и Министерство за транспорт и врски.

Надзорен одбор за контрола на
Материјално-финансиско работење
на ЈП на општина Аеродром
Претседател

Ненад Јовановски

Јавно претпријатие за комунални дејности на Општина Аеродром Скопје